**Еден од најстарите народни обичаи во Пијанечкиот крај (денешна Општина Делчево) е обичајот со маски, познат под името Сурова. Овој обичај е невообичаена процесија на културното наследство, со кое се гордеат жителите на Ѕвегор.**



Покрај Илинден, соборниот ден на Ѕвегор, Св. Василиј Велики - Стара Нова година е вториот голем празничен ден на секое семејство во селото. Пијанечкиот обичај во ова погранично село важи за еден од најстарите обичаи и се пречекува со голема радост и задоволство.

Се’ до 1950 година обичајот се изведувал во сите пијанечки населби, а по шеесетите години некако како да замрел. Само до пред десет години овој обичај се изведувал сосема срамежливо, но денес веќе доживува целосна ренесанса, со исклучок на селото Разловци. Во целиот Пијанец обичајот се изведува дење. Почнува на 13 јануари со гонење на кучињата, потоа момчињата со себе носат уште една посебно направена удиралка наре чена суроваска, со која се „удираат“ девојките, а завршува со голем карневал и заедничка гозба. Традиционално обичајот Сурова се изведува на 14 јануари (на Св. Василиј Велики), Нова година по Јулијанскиот календар. По традиција сите учесници се машки, а всушност тие со своите маски прикажуваат една свадба. Секако тука е присутна „невестата“, која е облечена во невестинска облека и прекриена со бел дуфак. Покрај „невестата“ е и „младоженецот“, а нив ги следат тројца белаци, кои се облечени во бела облека и носат голем дрвен нож (сабја) познат како кал'чка. Неизбежен е „попот“, кој вообичаено е облечен како свештеник, во рацете носи дрвен крст и кадилница. Следуваат „мечката“, која задолжителноима ѕвонец и „мечкарот“ кој ја води со јаже. Учесници се и „мајмунката“ и нејзиниот „мајмунџија“, „данокчијата“, „шеикот“, „циганите“ и „циганките“ облечени во црна облека...

Сите учесници во карневалот се познати под името суроваскари, кои заедно со нивниот

одговорен белак водат посебна грижа ниедно семејство да не биде прескокнато. Се мисли дека тие носат среќа, радост, бериќет и напредок на секое домаќинство.

Како дел од народната традиција која се негува во селото Ѕвегор на празникот Свети Василиј секој жител станува рано и в раце зема метални пари и ги растресува за да се слушне нивното ѕвонење, со цел Новата година да биде богата. Потоа се изведуваат уште неколку обичаи карактеристични за овој голем ден, проследени со желба ѕвегорчани да бидат среќни, радосни и бериќетни.